# Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничка припадност

## МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

Во 2011 година во јавниот сектор биле вработени вкупно 877 лица, сите во редовен работен однос.

| Етничка припадност | Број на вработени |
|---|---|
| Македонци | 647 |
| Албанци | 137 |
| Турци | 38 |
| Роми | 5 |
| Срби | 27 |
| Власи | 10 |
| Бошњаци | 6 |
| Останато | 7 |
| вкупно | 877 |

Од нив, 647 биле македонци, а останатите им припаѓале на етничките заедниците кои не се мнозинство во Македонија (албанци, турци, роми, власи, срби, бошњаци и др.).




Најголем дел од македонците биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (44 отсто). Во оваа категорија, биле ангажирани 29 отсто од вкупниот број на албанци кои биле вработени во МРТ (137 лица).

Повеќе од 80 отсто од реализаторскиот кадар биле македонци, а нешто позначајно учество имале и лицата од албанска националност (11 отсто).




Подеднакво учество имале лицата од турска и српска националност (по 3 отсто), а лицата од влашка националност и оние од останатите националности кои не се наведени погоре претставувале по еден отсто од вкупниот реализаторски кадар.

.

Кај новинарскиот кадар најголемо учество имале лицата од македонска националност (61 отсто) и лицата од албанска националност (23 отсто). Од вкупниот број на албанци коишто биле ангажирани во јавниот сервис (137 лица), повеќе од половината (54 отсто) биле новинари.

Седум отсто од новинарите биле турци, 4 отсто биле срби, 2 отсто биле припадници на влашката етничка заедница, а по еден отсто биле роми, бошњаци и останато.




Сите 8 лица ангажирани како уредници во јавниот сервис биле од македонска (шест лица) и од албанската националност (две лица). Исто толку (осум лица) биле вработени како управители, односно директори, од кои пет биле македонци, а три албанци.

Освен македонци (19 лица или 90 отсто) и албанци (2 лица или 10 отсто), лица од друга националност не биле вработени ниту кај техничкиот кадар.

Во категоријата „преостанат кадар“ биле ангажирани вкупно 167 лица, од кои 136 македонци, 16 албанци, 6 срби, 5 турци и по едно лице припадник на ромската, влашката, бошњачката и други етнички заедници во Македонија.

# ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Вкупниот број вработени во комерцијалните телевизиски станици во 2011 година изнесувал 1395 лица (од кои 938 во редовен работен однос и 457 лица биле хонорарно ангажирани).

| Етничка припадност | Број на вработени |
|---|---|
| Македонци | 1099 |
| Албанци | 191 |
| Турци | 22 |
| Роми | 20 |
| Власи | 9 |
| Срби | 38 |
| Бошњаци | 9 |
| Останато | 7 |
| вкупно | 1395 |

Од вкупно 1099 македонци,  31 отсто биле новинари, 29 отсто реализатори, а 15 отсто биле ангажирани како технички кадар.




Најголем дел од лицата од албанска националност, кои сочинувале 14 отсто од вкупниот број на вработени во телевизиската индустрија, биле ангажирани како реализаторски кадар (29 отсто), а најмал број работеле како уредници (7 отсто).




Само 3 отсто од ангажираните лица во телевизиската индустрија биле од српска националност. Како и кај лицата од албанска националност, најголем број од нив биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (42 отсто ) и како новинарски кадар (26 отсто).

**Приказ: Распределба на работните места кај турците, ромите, власите, србите, бошњаците им другите заедници**




Од вкупно 22 припадници на турската етничка заедница, 41 отсто биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“. Како реализаторски кадар биле вработени 32 отсто од овие лица, по девет отсто (по две лица) биле ангажирани како новинари и уредници и по пет отсто (по едно лице) работеле како управители и техничари.

Најголем дел од лицата од ромска националност работеле како реализатори (25 отсто), по 20 отсто биле ангажирани како новинари, технички кадар и во категоријата „преостанат кадар“, а останатите 15 отсто биле уредници и управители.

Во анализираната година, од влашката и бошњачката етничка заедница биле вработени по девет лица, и тоа: едно лице од влашка националност било ангажирано како новинар, по три лица работеле како технички и реализаторски кадар и две лица во категоријата „преостанат кадар“. Кај бошњаците ситуацијата била следна: три лица биле ангажирани во „преостанат кадар, две во реализаторски кадар и по едно лице биле распределени на останатите видови на работни места.

Вкупно 7 лица од останатите етнички заедници биле вработени во комерцијалните телевизиски станици. Од нив, 3 лица биле новинари, а по едно лице работело како уредник, управител, реализаторски кадар и преостанат кадар.

## 2.1. ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во четирите телевизиски станици кои во 2011 година емитуваа програма на територијата на целата држава преку терестријален предавател, биле ангажирани вкупно 500 лица. Од нив, 385 биле македонци, 78 биле албанци, 19 срби, 12 турци, 4 бошњаци и 2 лица биле со друга етничка припадност.




Најмногу вработени од македонска националност прикажала ТВ Канал 5 (147 лица), од кои 89 биле во редовен работен однос, а 58 хонорарно ангажирани.

Речиси сите лица од албанска националност (97 отсто) биле вработени во ТВ Алсат-М, а само три отсто (две лица) биле ангажирани во ТВ Канал 5. Најголем дел од нив биле ангажирани како реализаторски кадар (28 лица) и како преостанат кадар (22 лица). Вкупно 12 лица од албанска националност биле ангажирани како новинари, 4

како уредници, 3 како управители, односно директори и вкупно 9 лица работеле како технички кадар.




Во сите четири телевизиски станици во анализираната година биле ангажирани вкупно 19 лица од српска националност, од кои најмногу во ТВ Канал 5 (8 лица). Вкупно шест лица биле ангажирани како реализатори, 5 како новинари, а по две лица уредници и технички кадар. Останатите 4 лица биле ангажирани како друг кадар.

Од вкупно 12 лица од турска националност, само едно лице имало уредничка функција (во ТВ Алсат-М), 4 биле реализатори (режисери, сниматели, монтажери и друго), а 7 биле ангажирани во категоријта „преостанат кадар“ (6 лица во ТВ Канал 5 и едно лице во ТВ Алсат-М).

Две лица од бошњачка националност биле вработени во ТВ Сител (едно како технички и едно како реализаторски кадар), и 2 лица во ТВ Алсат-М (двете како преостанат кадар).

Припадници на ромската и влашката етничка заедница не биле вработени во ниту една од телевизиите во овој сегмент на радиодифузната индустрија.

## 2.2. САТЕЛИТСКИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во анализираната година, во сателитските телевизиски станици, биле вработени вкупно 341 лице[1], од кои 316 биле од македонска националност, едно лице било од турска националност, 6 лица биле власи, 14 срби, 2 бошњаци, а 2 лица биле припадници на други малцински заедници.

[1] За време на изработката на овој документ, вкупно 6 сателитски телевизии емитуваа програма. Податоци не достави само телевизијата Сител 3, но според податоците од завршната сметка, овој субјект нема пријавено ниту едно лице во редовен работен однос.




Македонците кои биле ангажирани во ТВ Алфа (127 лица) сочинуваат 40 отсто од вкупниот број на лицата од македонска националност во овој сегмент од телевизиската индустрија (во редовен работен однос или хонорарно). Вработените во ТВ Канал 5 Плус претставуваат 25 отсто (78 лица), во ТВ 24 Вести - 19 отсто (59 лица), во Наша ТВ - 9 отсто (28 лица) и во ТВ Сонце - 7 отсто (24 лица).

Од вкупно 14 срби, шест лица биле ангажирани во ТВ Алфа (3 како новинари и 3 како режисери, сниматели и монтажери), четири лица во ТВ Канал 5 Плус (по едно лице како новинарски кадар, технички, реализаторски и преостанат кадар) и по две лица во Наша ТВ (двете како реализаторски кадар) и ТВ 24 Вести (новинарски и реализаторски кадар).

Во 2011 година во сателитските телевизии биле вработени 6 лица од влашката етничка заедница (едно лице во ТВ 24 Вести и 5 лица во ТВ Алфа).

Во овие шест телевизии, било ангажирано само едно лице од турска националност (како реализаторски кадар во ТВ Алфа) и по две лица од бошњачката и другите малцински заедници во РМ. Лицата од бошњачка националност биле ангажирани во ТВ 24 Вести (еден уредник и едно лице во категоријата „преостанат кадар“), а лицата од друга националност работеле како новинари во ТВ Сонце.

Вработени од албанска и ромска националност не пријавила ниту една од сателитските телевизии.

## 2.3. РЕГИОНАЛНИИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во 2011 година, програма на регионално ниво емитуваа десет телевизиски станици. Само осум од нив доставија податоци за етничката припадност на вработените (во моментот на изработка на овој документ на ТВ Пинк Мак веќе и беше

одземена дозволата за вршење на радиодифузна дејност, а ТВ Едо не достави податоци[2]).

Според добиените податоци, кај регионалните телевизиски станици биле ангажирани вкупно 107 лица, од кои 52 биле во редовен работен однос, а 55 хонорарно ангажирани. На приказот подолу е прикажано учеството на вработените според етничката припадност.




Лицата од македонска националност претставувале 61 отсто од вкупниот број на вработени во овие телевизии. Најголем дел од нив (36 отсто) биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар". Позначајно учество имале во реализаторскиот (23 отсто) и во новинарскиот кадар (21 отсто).

**Македонци**




Во ТВ Крт и во ТВ Скајнет биле ангажирани само  македонци (едно лице во ТВ Крт и 10 лица во ТВ Скајнет). Лицата од македонска националност биле мнозинство во ТВ Амазон (10 лица или 83 отсто од вкупниот број на вработени во оваа телевизија), во ТВ МТМ (97 отсто) и во ТВ Скопје (89 отсто).

[2] Според податоците од завршната сметка во 2011 година, просечниот број на вработени во овој радиодифузер изнесувал три лица.




Вкупниот број на ангажирани лица од албанска националност изнесувал 19 и сите биле вработени во ТВ Ера. На приказот подолу е претставена распределбата на овие лица по работни места.




Од припадниците на ромската етничка заедница во регионалните телевизиски станици биле ангажирани вкупно 17 лица, од кои 2 биле во редовен работен однос и 15 хонорарно ангажирани. Во ТВ Шутел биле вработени 10 лица (3 како реализаторски кадар, по две лица како новинари и „преостанат кадар“ и по едно лице како уредник, управител и технички кадар), а во ТВ БТР 7 лица (по две лица работеле како новинари, технички и реализаторски кадар, а едно лице како управител).

Во овој сегмент на телевизиската индустрија биле вработени само две лица од српска националност (по едно во ТВ МТМ и во ТВ Амазон) како реализаторски кадар, едно лице од влашка националност (во ТВ Скопје – технички кадар) и едно лице припадник на бошњачката етничка заедница во земјата (во ТВ Амазон – новинарски кадар).

Ниту една регионална телевизија не прикажала вработени од турска етничка припадност.

## 2.4. ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во телевизиските станици кои во 2011 година емитуваа програма на локално ниво биле ангажирани вкупно 255 лица во редовен работен однос и 192 хонорно. Од нив, 332 лица биле македонци, 94 албанци, 9 турци, по три лица биле роми и срби, две лица биле од влашка националност, едно лице од бошњачка националност и три лица биле припадници на други етнички заедници.




Најголем дел од лицата од македонска националност (32 отсто) биле ангажирани како новинари. Позначајно учество на овие лица било забележано и кај реализаторскиот кадар (22 отсто) и кај техничкиот кадар (18 отсто).




Најголем дел од лицата од албанска националност биле ангажирани како новинарски кадар (32 отсто), а најмалку биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“ (3 лица).

Од вкупно 9 лица од турска националност коишто биле вработени во локалните телевизиски станици, по две лица биле ангажирани како новинари, реализатори и преостанат кадар, едно лице било уредник, едно управител и едно било вработено како технички кадар.

Во 2011 година во овој сегмент на телевизискиот сектор биле вработени три лица од ромската етничка заедница (едно лице како технички кадар и две лица во категоријата „преостанат кадар“), три лица од српската етничка заедница (еден уредник, еден управител и еден реализатор), две лица со влашка националност (еден новинар и едно лице во „преостанат кадар“), едно лице со бошњачка националност (управител) и три лица припадници на други етнички заедници (по еден новинар, уредник и управител).

# РАДИСКА ИНДУСТРИЈА

Во 2011 година, во сите комерцијални радиостаници биле ангажирани вкупно 375 лица.  Од нив, 310 лица биле македонци, 50 биле албанци, по 4 лица биле припадници на турската и ромската етничка заедница, 6 лица биле со српска националност и едно лице било со друга етничка припадност.

| Етничка припадност | Број на вработени |
|---|---|
| Македонци | 310 |
| Албанци | 50 |
| Турци | 4 |
| Роми | 4 |
| Власи | 0 |
| Срби | 6 |
| Бошњаци | 0 |
| Останато | 1 |
| вкупно | 375 |

Ниту едно лице од влашка и бошњачка националност не било ангажирано кај комерцијалните радиостаници.




Триесет отсто од вкупниот број на лицата од македонска националност работеле како новинари. Во редовен работен однос биле 42 лица, а останатите 51 лице биле хонорарно ангажирани.




Во анализираната година, како управители биле ангажирани 18 отсто од македонците во радиската индустрија (50 лица биле редовно ангажирани, а само 6 лица биле хонорарци). Речиси 12 отсто од лицата од македонска етничка припадност работеле како уредници, 9 отсто како реализатори, а 8 отсто биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар".

Лицата од албанска националност по работни места биле распоредени на следниов начин: 30 отсто биле новинари, 12 отсто уредници, 26 отсто управители, 16 отсто од овие лица работеле како технички кадар, 10 отсто како реализаторски кадар и 6 отсто како преостанат кадар.

Од турска и ромска националност биле вработени по 4 лица. Припадниците на турската етничка заедница биле ангажирани како новинари, управители, односно директори, технички кадар и реализаторски кадар. Исто така, по едно лице од ромск националност било ангажирано како новинар, управител, односно директор, технички и преостанат кадар

Од вкупно шест припадници на српската етничка заедница, две лица работеле како новинари, а по едно лице како уредник, управител, технички и реализаторски кадар. Од нив, 3 лица биле во редовен работен однос, а 3 хонорарно ангажирани.

Само едно лице од други малцински заедници било вработено во овој сегмент, и тоа како реализаторски кадар.

## 3.1. КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2011 година, РА Антена 5, РА Рос Метрополис и РА Канал 77 заедно прикажале вкупно 36 вработени, од кои 18 биле во редовен работен однос, а исто толку биле хонорарно ангажирани.

Речиси сите вработени во трите радиостаници кои емитувале програма на државно ниво биле македонци, освен едно лице од српска националност, кое што било хонорарно ангажирано како реализаторски кадар во РА Антена 5.




Од вкупно 35 македонци кои во 2011 година работеле во овие радиостаници, најголем дел (14 лица или 40 отсто) биле вработени како новинари, 3 лица како уредници, 2 управители, по шест лица го сочинувале техничкиот и реализаторскиот кадар, а останатите четири биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“.

## 3.2. РЕГИОНАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ

Во регионалните радиостаници минатата година биле вработени вкупно 103 лица[3]. Од нив, 83 лица биле од македонска националност, 19 од албанска и едно лице од српска националност.




[3] податоци за вработените според етничката припадност не достави РА Гаудеамус Класик ФМ, но според податоците од завршната сметка, во овој радиодифузер не било вработено ниту едно лице

По 24 отсто од македонците во анализираната година биле вработени како новинари и технички кадар, по 17 отсто работеле како уредници и управители, 10 отсто биле ангажирани како режисери, сниматели и монтажери, а останатите 8 отсто ја сочинувале категоријата „преостанат кадар“.

Најмногу вработени од албанска националност прикажала радиостаницата Ват (58 отсто), каде што 3 лица биле вработени како новинари, по две лица биле уредници, управители и техничари, а по едно лице било вработено во реализаторски кадар и во категоријата „преостанат кадар.

Во РА Арачина биле вработени 4 лица припадници на албанската етничка заедница (2 лица биле новинари, едно лице било управител и едно технички кадар), во РА Лајф ФМ биле ангажирани 3 лица (по едно лице како технички, реализаторски и преостанат кадар), а во РА РФМ било вработено само едно лице припадник на оваа заедница (управител).

Лицето од српска националност било ангажирано како новинар во радиостаницата Спортско радио Канал 4.

## 3.3. ЛОКАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ

Во 2011 година во локалните радиостаници биле ангажирани 236 лица, од кои 115 биле во редовен работен однос, а 121 хонорарно ангажирани[4]. Бројот на лицата од македонска националност изнесувал 192 лица, а најголем дел од нив работеле како новинари (31 отсто). Речиси 23 отсто од вкупниот број на македонците биле ангажирани како технички кадар, а 21 отсто како управители.




[4] Радиостаниците Енергу од Струга и Фокус од Тетово не доставија податоци за етничката припадност на вработените. Според податоците од завршната сметка просечниот број вработени во РА Фокус бил нула.

Во локалните радиостаници минатата година имало 20 македонци кои работеле како уредници, 13 режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар и 15 лица кои што ја сочинувале категоријата „преостаната кадар“.

Најголем број од лицата од албанска националност биле ангажирани како новинари (10 лица). Како управители биле вработени 9 лица, по четири лица биле ангажирани како уредници и техничари, 3 лица биле реализатори и едно лице преостанат кадар.

Од вкупно 4 лица припадници на турската заедница, по едно лице било хонорарно ангажирано како новинар, технички и реализаторски кадар, а само едно лице било во редовен работен однос на функцијата управител.

Исто толку (по 4 лица) од вработените биле припадници на ромската и српската етничка заедница. По едно лице од ромска националност било ангажирано како новинар, управител, технички кадар и преостанат кадар. Лицата од српска националност, пак, биле распоредени на местата новинар, уредник, управител и технички кадар.

Од етничките заедници кои тука не се наведени било вработено само едно лице, и тоа како реализаторски кадар.

Во локалните радиостаници не било ангажирано ниту едно лице од  влашка или бошњачка припадност.